Врз основа на член 40 став (3) од Законот за образование на возрасните („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 3/25), министерот за образование и наука, донесе

Програма за образование на возрасните

# **Советник за валидација на неформално образование и искуствено (информално) учење**

Скопје, јануари 2026 година

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ПОСЕБНАТА ПРОГРАМА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | **Назив на програмата за образование на возрасните** | **Советник за валидација на неформално образование и искуствено (информално) учење** |
| 2 | **Вкупен број на часови на учење** (теорија, пракса и оценување) | 30 часа (12 часа теоретска настава, 15 часа практична настава и 3 часа за оценување) |
| 3 | **Критериуми за упис на учесникот во програмата** | - има завршено високо образование со 240 ЕКТС кредити (педагог, психолог, социолог, социјален работник);<br><br>-има најмалку три години работно и/или практично искуство во областа на образованието, обуката или учењето на возрасни;<br><br>- има релевантно искуство во спроведување или поддршка на активности за учење, обука или развој на вештини. |
| 4 | **Вид на јавна исправа која ја стекнува учесникот** | Сертификат за завршена посебна програма „Советник за валидација на неформално образование и искуствено (информално) учење“ |

## I. ОПИС, МОДУЛИ, МОДУЛАРНИ ЕДИНИЦИ, РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕТО, РЕСУРСИ ЗА ПРОГРАМАТА

| | | |
|---|---|---|
| 1 | **Опис на програмата** | Главната цел на програмата е оспособување на стручни лица за професионално, етичко и квалитетно водење на процесот на валидација на неформално образование и искуствено учење, преку обезбедување ефективно советување на кандидати, поддршка при подготовка и систематизација на докази, координација на процесот на валидација и примена на националната и европската рамка за валидација (ВНОИУ). Програмата има за цел да ги зајакне капацитетите на стручните лица кои се или ќе бидат вклучени во процесот на валидација, да обезбеди висококвалитетни советодавни процедури, да придонесе кон понатамошен развој и унапредување на системот за валидација, како и да го поддржи разбирањето на валидацијата како индивидуален, независен и ориентиран процес кон кандидатот. Преку холистички пристап, програмата обезбедува целосен преглед на процесот на валидација од европска и национална перспектива, ги истакнува можностите за примена на валидацијата во различни контексти, со различни засегнати страни и целни групи и ја позиционира валидацијата како клучна алатка за развој на компетенции во рамките на доживотното учење и кариерно водење. |

| | | |
|---|---|---|
| | | **Стручни компетенции**<br>Учесникот ќе биде оспособен за:<br>- применување на законската, институционалната и методолошката рамка за валидација на неформално и искуствено учење;<br>- советување и насочување на кандидатите во сите фази од процесот на валидација;<br>- подготовка, анализа и проверка на портфолио со докази за претходно учење;<br>- подготовка, анализа и проверка на портфолио со докази за работно искуство;<br>- користење соодветни алатки и методи за идентификација, документирање и вреднување на компетенции;<br>- ефикасно комуницирање и соработување со оценувачи, институции и други релевантни чинители и<br>- следење, анализирање и унапредување на квалитетот на процесот на валидација<br>**Резултати од учењето**<br>По завршување на програмата, учесникот ќе биде способен да:<br>- објаснува, планира и изведува процес на валидација на неформално и искуствено учење;<br>- обезбедува професионално советување и подготовка на кандидати за процес на валидација;<br>- креира, анализира и проверува портфолио со релевантни докази;<br>- соработува со сите засегнати страни во процесот на валидација и<br>- придонесува кон развој на квалитетен, транспарентен и кредибилен систем на валидација.<br>**Времетраење на програмата:** Вкупното времетраење на програмата изнесува 30 часа, од кои: теоретска настава 12 часа, практична работа 15 часа и 3 часа оценување<br>**Начин на реализација:** Програмата се реализира преку:<br>- интерактивна настава;<br>- работилници и групна работа;<br>- студии на случај;<br>- практична и симулациска работа и<br>**Назив на сертификат**<br>По успешно завршување на програмата се издава сертификат со назив:<br>„Советник за валидација на неформално образование и информално (искуствено) учење“ |
| **2** | **Максимален број на учесници по група** | 20 учесници |
| **3.** | **План на програмата** | |

<table>
<tr><th rowspan="2">Бр.</th><th rowspan="2">Модули</th><th colspan="2">Број на часови за</th></tr>
<tr><th>теоретска настава</th><th>практична настава</th></tr>
<tr><td>1.</td><td>Модул 1: Ориентација кон валидацијата на неформалното образование и искуственото (информалното) учење</td><td>5</td><td>2</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Модул 2: Улогата на советникот за кариерно насочување во процесот на валидација</td><td>4</td><td>5</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Модул 3: Општи и комуникациски компетенции на советникот за валидација</td><td>3</td><td>8</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно</td><td>12</td><td>15</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно (вкупно часови теоретска и практична настава)</td><td colspan="2">27</td></tr>
<tr><td colspan="2">Часови за оценување</td><td colspan="2">3</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно часови</td><td colspan="2">30</td></tr>
<tr><td>4.</td><td colspan="3">План за учење (Модули / Модуларни единици / резултати од учењето / Критериуми за оценување)</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td colspan="2" rowspan="2">Модул 1: Ориентација кон валидацијата на неформалното образование и искуственото (информалното) учење</td><td>Часови со теоретска настава</td><td>5</td></tr>
<tr><td>Часови со практична настава</td><td>2</td></tr>
<tr><th>Модуларна единица</th><th>Резултати од учењето</th><th colspan="2">Критериуми за оценување</th></tr>
<tr><td rowspan="2">1.1 Концепти и процес на валидација</td><td>Учесникот ќе биде способен да:<br>1.1.1. користи основни поими, термини и концепти поврзани со валидација на неформално и искуствено (информално) учење (ВНОИУ);</td><td colspan="2">Учесникот може да:<br>1.1.1.1. дефинира точно клучни поими и термини поврзани со ВНОИУ;<br>1.1.1.2. користи соодветно стручната терминологија во усна и писмена форма;<br>1.1.1.3. поврзува правилно поимите во процесот на валидација.</td></tr>
<tr><td>1.1.2. презентира процес на ВНОИУ како целина, неговите фази, развојот и значењето од национална и европска перспектива;</td><td colspan="2">1.1.2.1. наведува фази на процесот на ВНОИУ;<br>1.1.2.2. прикажува развој на процесот на ВНОИУ на национално и европско ниво;<br>1.1.2.3. образложува значењето на процесот на ВНОИУ за поединецот и системот.</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | 1.1.3. **разликува** формално, неформално и информално учење и различни начини на учење; | 1.1.3.1. препознава форми на учење според нивните карактеристики;<br>1.1.3.2. наведува соодветни примери за секоја форма на учење;<br>1.1.3.3. поврзува форми на учење со можностите за валидација. |
| | 1.1.4. **анализира** придобивки, ограничувања и ефекти од процесот на валидација на претходното учење; | 1.1.4.1 идентификува клучни придобивки и ограничувања на процесот;<br>1.1.4.2 анализира ефекти од валидација врз различни целни групи;<br>1.1.4.3 аргументира заклучоци врз основа на дадени примери или случаи. |
| | 1.1.5. **искажува** улоги, функции и значење на валидацијата во различни образовни, работни и општествени контексти; | 1.1.5.1 препознава улоги на различните чинители во процесот на валидација;<br>1.1.5.2 истакнува значење на валидацијата во различни контексти;<br>1.1.5.3 поврзува улога на валидација со развој на компетенции. |
| | 1.1.6 **запазува** основни критериуми за квалитет и оценување во процесот на валидација. | 1.1.6.1. наведува релевантни критериуми за квалитет на процесот на валидација;<br>1.1.6.2. споредува поставени критериуми за квалитет во однос на националната и европската рамка;<br>1.1.6.3. образложува значење на критериумите за кредибилност на процесот. |
| 1.2. Законска и институционална рамка за валидација (европски и национални политики) | **Учесникот ќе биде способен да:**<br>1.2.1.**анализира** процес на валидација на неформално и искуствено учење (ВНОИУ) во рамките на националната и европската регулаторна и референтна рамка; | **Учесникот може да:**<br>1.2.1.1.истакнува значење на националната и европската рамка за процесот на ВНОИУ;<br>1.2.1.2.анализира усогласеност на процесот со релевантни референтни рамки;<br>1.2.1.3.аргументира заклучоци врз основа на |

| | | |
|---|---|---|
| | | законски и стратешки документи. |
| | 1.2.2.**запазува** релевантни политики, закони и стратешки документи поврзани со валидацијата, Националната рамка на квалификации и образованието на возрасните; | 1.2.2.1.разликува релевантни закони, политики и документи;<br>1.2.2.2.искажува улога на релевантните закони, политики и документи во процесот на ВНОИУ;<br>1.2.2.3.презентира конкретни ситуации или примери. |
| | 1.2.3.**прикажува** улоги, надлежности и одговорности на институциите и засегнатите страни вклучени во процесот на ВНОИУ; | 1.2.3.1.разликува улоги и надлежности на институциите;<br>1.2.3.2.диференцира одговорности на засегнати страни;<br>1.2.3.3.објаснува меѓусебна поврзаност на засегнатите страни во процесот на ВНОИУ. |
| | 1.2.4.**анализира** различни фази на процесот на ВНОИУ од перспектива на кандидатите, советниците, оценувачите, институциите и работниот живот; | 1.2.4.1.анализира фази на процесот од различни перспективи;<br>1.2.4.2.споредува улогите на различни чинители;<br>1.2.4.3.идентификува можни предизвици и ризици во спроведувањето. |
| | 1.2.5.**врши позиционирање на** процесот на ВНОИУ во рамките на доживотното учење и доживотното кариерно водење; | 1.2.5.1.поврзува ВНОИУ со концепт на доживотно учење;<br>1.2.5.2.објаснува улога на валидација во кариерен развој;<br>1.2.5.3.аргументира значење на валидацијата за поединецот и општеството. |
| | 1.2.6.**анализира** европски трендови и развој во областа на ВНОИУ и нивното влијание врз националните системи. | 1.2.6.1.следи клучни европски трендови во ВНОИУ;<br>1.2.6.2.анализира нивно влијание врз националниот систем;<br>1.2.6.3.поврзува европски развои со можности за унапредување на практиката. |

| | | |
|---|---|---|
| 1.3. Осигурување на квалитет и усогласеност во процесот на валидација | **Учесникот ќе биде способен да:**<br>1.3.1.**применува** стандарди за квалитет во процесот на валидација на неформално и искуствено учење; | **Учесникот може да:**<br>1.3.1.1. објаснува релевантни стандарди за квалитет во процесот на валидација;<br>1.3.1.2. објаснува улога на стандардите во обезбедување кредибилност;<br>1.3.1.3.илустрира примена на стандардите преку практични примери. |
| | 1.3.2.**дејствува професионално** во својата улога како советник, во согласност со договорените механизми за обезбедување квалитет вградени во системот за валидација на неформално и искуствено учење (ВНОИУ); | 1.3.2.1.постапува согласно утврдените механизми за обезбедување квалитет;<br>1.3.2.2.демонстрира професионално и етичко однесување во улогата на советник;<br>1.3.2.3. применува критериуми за оценување во согласност со процедурите. |
| | 1.3.3.**спроведува и поддржува** внатрешно и надворешно следење на процесот на валидација; | 1.3.3.1.разликува внатрешно и надворешно следење;<br>1.3.3.2.учествува во процеси на следење и евалуација;<br>1.3.3.3.анализира наоди од следењето и предлага подобрување на квалитетот. |
| | 1.3.4.**води и користи** соодветна евиденција и документација за резултатите од учењето и процесот на валидација; | 1.3.4.1.води точна и целосна евиденција за процесот и резултатите од учењето;<br>1.3.4.2.користи пропишани обрасци и алатки за документација;<br>1.3.4.3.обезбедува заштита и доверливост на податоците. |
| | 1.3.5.**известува** за квалитетот, текот и резултатите од процесот на валидација согласно утврдени процедури; | 1.3.5.1.подготвува извештаи согласно утврдени процедури;<br>1.3.5.2.презентира резултати на јасен и структуриран начин;<br>1.3.5.3.користи евиденција за поддршка на одлуки. |
| | 1.3.6.**придонесува** кон континуирано | 1.3.6.1.идентификува можности за унапредување |

| | | |
|---|---|---|
| | унапредување на квалитетот и усогласеноста на процесот на валидација. | на квалитетот;<br>1.3.6.2. предлага мерки за подобрување на процесот;<br>1.3.6.3. придонесува кон одржлив и транспарентен систем за валидација. |

| | | |
|---|---|---|
| **Модул 2: Улогата на советникот за кариерно насочување во процесот на валидација** | **Часови со теоретска настава** | **4** |
| | **Часови со практична настава** | **5** |

| **Модуларна единица** | **Резултати од учењето** | **Критериуми за оценување** |
|---|---|---|
| 2.1. Улога на советникот во процесот на валидација и самоевалуација на компетенции | **Учесникот ќе биде способен да:**<br>2.1.1. **препознава** професионални улоги и одговорности на советникот за кариерно насочување во процесот на валидација на претходното учење; | **Учесникот може да:**<br>2.1.1.1 разликува улоги и одговорности на советникот во процесот на валидација;<br>2.1.1.2 одредува улоги во конкретни фази од процесот на ВНОИУ;<br>2.1.1.3 истакнува додадена вредност на советникот во процесот. |
| | 2.1.2. **анализира и развива** сопствени компетенции за советување и координирање релевантни за поддршка на процесот на ВНОИУ; | 2.1.2.1. идентификува сопствени компетенции за советување и координирање;<br>2.1.2.2. истакнува потреби за унапредување;<br>2.1.2.3. предлага активности за развој на сопствените компетенции. |
| | 2.1.3. **анализира** сопствени знаења, вештини и компетенции потребни за дејствување во секоја фаза од процесот на ВНОИУ; | 2.1.3.1. наведува потребни компетенции за секоја фаза од процесот на ВНОИУ;<br>2.1.3.2. користи соодветни сопствени компетенции во конкретни професионални задачи;<br>2.1.3.3. аргументира потреба од дополнителен развој. |
| | 2.1.4. **примени** принципи на професионална самоевалуација и континуиран професионален развој во улогата на советник; | 2.1.4.1. применува алатки и методи за самоевалуација;<br>2.1.4.2. планира активности за континуиран професионален развој;<br>2.1.4.3. проценува сопствена професионална |

| | | |
|---|---|---|
| | | практика. |
| | 2.1.5. **анализира** импликации од развојот на националните и европските политики во областа на ВНОИУ врз сопствениот институционален контекст и работни процеси. | 2.1.5.1. толкува релевантни национални и европски политики;<br>2.1.5.2. искажува импликации од национални и европски политики врз сопственото работење;<br>2.1.5.3. прилагодува сопствени професионални постапки согласно политиките. |
| 2.2. Водство и советодавен процес во валидацијата на неформално и искуствено учење | **Учесникот ќе биде способен да:**<br>2.2.1. **применува** процес на водство и координација во валидацијата на неформално и искуствено учење (ВНОИУ) во практични ситуации; | **Учесникот може да:**<br>2.2.1.1. применува принципи на водство и координација во процесот на ВНОИУ;<br>2.2.1.2. врши сопствено прилагодување во различни ситуации и контексти;<br>2.2.1.3. демонстрира професионално водење на процесот. |
| | 2.2.2. **планира и спроведува** советодавен процес со кандидати во различни фази од процесот на ВНОИУ; | 2.2.2.1. планира советодавен процес согласно фазите на ВНОИУ;<br>2.2.2.2. спроведува советодавни сесии со кандидати;<br>2.2.2.3. ја следи динамика на активности и напредок на кандидатите. |
| | 2.2.3. **идентификува и анализира** претходно учење и ниво на компетенции релевантни за професионалната област на кандидатот; | 2.2.3.1. идентификува релевантно претходно учење и компетенции;<br>2.2.3.2. анализира ниво на компетенции на кандидатот;<br>2.2.3.3. поврзува соодветност на компетенциите со барањата на професионалната област. |
| | 2.2.4. **избира и применува** соодветни методи, алатки и пристапи за советување и водење, согласно позадината, целите и потребите на кандидатот; | 2.2.4.1. избира соодветни методи и алатки за советување;<br>2.2.4.2. прилагодува пристапи според референците и целите на кандидатот;<br>2.2.4.3. аргументира избор на методи и пристапи. |

| | | |
|---|---|---|
| | 2.2.5. **дејствува** во согласност со законите, прописите, етичките принципи и механизмите за обезбедување квалитет поврзани со ВНОИУ; | 2.2.5.1. постапува согласно законска и етичка рамка;<br>2.2.5.2. применува мерки за заштита на податоци и доверливост;<br>2.2.5.3. почитува механизми за обезбедување квалитет. |
| | 2.2.6. **дава стручни насоки и препораки** за спроведување на процесот на ВНОИУ, вклучително и кон лица со различни улоги во процесот. | 2.2.6.1. пренесува јасни и стручни насоки за спроведување на ВНОИУ;<br>2.2.6.2. комуницира ефективно со различни чинители;<br>2.2.6.3. придонесува кон усогласено и квалитетно спроведување на процесот. |
| **2.3.** Постојано професионално саморазвивање во контекст на валидација | **Учесникот ќе биде способен да:**<br>2.3.1. **рефлектира и анализира** влијание на процесот на валидација на неформално и искуствено учење (ВНОИУ) врз сопствениот професионален развој и работен контекст; | **Учесникот може да:**<br>2.3.1.1. образложува влијание на ВНОИУ врз сопствениот професионален развој;<br>2.3.1.2. поврзува процес на валидација со сопствениот работен контекст;<br>2.3.1.3. аргументира заклучоци врз основа на професионална рефлексија. |
| | 2.3.2. **открива** можности за унапредување на сопствениот професионален развој преку примена на процесот на ВНОИУ; | 2.3.2.1. идентификува можности за развој преку ВНОИУ;<br>2.3.2.2. анализира потенцијал на процесот за унапредување на компетенциите;<br>2.3.2.3. изготвува личен развоен план. |
| | 2.3.3. **применува** релевантни европски и национални упатства и препораки во сопствениот професионален развој; | 2.3.3.1. истражува релевантни европски и национални упатства;<br>2.3.3.2. користи упатства во сопствен професионален развој;<br>2.3.3.3. врши усогласување на сопствените практики со препораките. |
| | 2.3.4. **собира, анализира и користи** повратни | 2.3.4.1. собира систематски повратни информации; |

| | | |
|---|---|---|
| | информации од кандидати, колеги и други чинители за унапредување на сопствените методи на работа; | 2.3.4.2. анализира добиени повратни информации;<br>2.3.4.3. унапредува методи на работа врз основа на наодите. |
| | 2.3.5. **предлага** подобрувања и промени во процесот на ВНОИУ врз основа на проценки, повратни информации и практично искуство. | 2.3.5.1. идентификува потреби за промени или подобрувања во ВНОИУ;<br>2.3.5.2. предлага мерки засновани на искуство и податоци;<br>2.3.5.3. аргументира предлози за унапредување на процесот. |

| **Модул 3: Општи и комуникациски компетенции на советникот за валидација** | **Часови со теоретска настава** | **3** |
|---|---|---|
| | **Часови со практична настава** | **8** |

| **Модуларна единица** | **Резултати од учењето** | **Критериуми за оценување** |
|---|---|---|
| 3.1. Комуникација во валидацијата | **Учесникот ќе биде способен да:**<br>3.1.1. **користи** разновидни техники на комуникација со кандидати и други чинители во различните фази од процесот на валидација на неформално и искуствено учење (ВНОИУ); | **Учесникот може да:**<br>3.1.1.1.користи соодветни комуникациски техники во различни фази од ВНОИУ;<br>3.1.1.2.врши прилагодување на комуникацијата според потребите на кандидатите;<br>3.1.1.3.комуницира професионално, концизно и јасно. |
| | 3.1.2. **презентира** информации за процесот на ВНОИУ на јасен, структуриран и разбирлив начин, приспособен на целната група; | 3.1.2.1.пренесува информации за процесот на ВНОИУ на систематски начин;<br>3.1.2.2. користи јасен и разбирлив јазик;<br>3.1.2.3.приспособува пренос на информации на различни целни групи. |
| | 3.1.3.**комуницира и соработува** ефикасно со поединци и групи во рамки на процесот на валидација; | 3.1.3.1.комуницира со поединци и групи;<br>3.1.3.2.поттикнува активно учество и доверба;<br>3.1.3.3.управува со комуникацијата во групна средина. |
| | 3.1.4.**применува** соодветни техники на интервјуирање за идентификација и | 3.1.4.1.одбира соодветни техники на интервјуирање;<br>3.1.4.2.идентификува релевантни формални и |

| | | |
|---|---|---|
| | истакнување на формални, неформални и искуствено стекнати компетенции на кандидатите. | неформални компетенции;<br>3.1.4.3.поддржува кандидати согласно своите компетенции. |
| 3.2. Валидацијата како услуга и поддршка при изработка на портфолио | **Учесникот ќе биде способен да:**<br>3.2.1.**прикажува** цели, опфат и ограничувања на процесот на валидација на неформално и искуствено учење (ВНОИУ) како услуга за кандидатите; | **Учесникот може да:**<br>3.2.1.1.објаснува улога на ВНОИУ како јавна/ професионална услуга;<br>3.2.1.2.утврдува надлежности и одговорности во процесот на ВНОИУ;<br>3.2.1.3.поставува граници на советодавната улога. |
| | 3.2.2.**информира и објаснува** на кандидатите клучни елементи поврзани со процесот на ВНОИУ; | 3.2.2.1.информира кандидати за целите и концептот на ВНОИУ;<br>3.2.2.2.објаснува процедури, времетраење и фази на процесот;<br>3.2.2.3.истакнува права и обврски на кандидатот. |
| | 3.2.3.**обезбедува поддршка** при подготовка, структурирање и проверка на документација и портфолио со докази; | 3.2.3.1.дава насоки за подготовка на портфолио со докази;<br>3.2.3.2.разликува видови докази според релевантност и валидност;<br>3.2.3.3.помага на кандидатот да ги поврзе доказите со резултатите од учење. |
| | 3.2.4.**применува** соодветни методи и алатки за верификација на доказите во рамки на портфолиото. | 3.2.4.1.проверува комплетност и соодветност на документацијата;<br>3.2.4.2.применува основни критериуми за верификација на докази;<br>3.2.4.3.обезбедува усогласеност со методологијата за ВНОИУ. |
| 3.3 Сеопфатна евалуација на очекувањата на кандидатот | Учесникот ќе биде способен да:<br>3.3.1. **проценува** дали очекувањата на кандидатот се реални и усогласени со можностите и ограничувањата на процесот на валидација на неформално и искуствено учење (ВНОИУ); | Учесникот може да:<br>3.3.1.1.идентификува разумни и неоправдани очекувања на кандидатот;<br>3.3.1.2.врши усогласување на очекувањата со целите и опфатот на ВНОИУ;<br>3.3.1.3.комуницира јасно и професионално за можните исходи. |

| | | |
|---|---|---|
| | 3.3.2.**утврдува усогласеност** на барањето на кандидатот со постапката на ВНОИУ и релевантните професионални стандарди; | 3.3.2.1. утврдува дали барањето на кандидатот е соодветно за постапката на ВНОИУ;<br>3.3.2.2. селектира потребни професионални стандарди и критериуми;<br>3.3.2.3. обезбедува поддршка во согласност со договореното ниво на услуга. |
| | 3.3.3. **спроведува** почетна проценка на искуството и компетенциите на кандидатот во однос на формалните квалификации или професионалните стандарди; | 3.3.3.1. врши проценка на искуството на кандидатот;<br>3.3.3.2. споредува постоечки докази со барањата на квалификацијата;<br>3.3.3.3. проценува дали кандидатот може да обезбеди доволно релевантни докази. |
| | 3.3.4. **дава поддршка** на кандидатот во процесот на самооценување и донесување одлука за вклучување во процесот на валидација. | 3.3.4.1. помага во самооценување на сопствените компетенции на кандидатот;<br>3.3.4.2. разгледува цели и изводливост на процесот заедно со кандидатот;<br>3.3.4.3. дава поддршка на кандидатот да донесе одлука за започнување на процесот на валидација. |
| 3.4. Пазарот на трудот и валидацијата | **Учесникот ќе биде способен да:**<br>3.4.1**. следи и анализира** состојби и трендови на пазарот на трудот и развојот на рамката на квалификации, и ги **поврзува** со процесот на валидација на неформално и искуствено учење (ВНОИУ); | **Учесникот може да:**<br>3.4.1.1. идентификува релевантни информации за пазарот на трудот;<br>3.4.1.2. поврзува состојби трендови на пазарот на труд со квалификациите и ВНОИУ;<br>3.4.1.3. користи податоци при советување на кандидати. |
| | 3.4.2. **информира и советува** кандидати за релевантни професионални стандарди, барања за работа и квалификациски барања во одредена професија или сектор; | 3.4.2.1. презентира информации за професионални стандарди и барања за работа;<br>3.4.2.2. толкува квалификациски барања по професија или сектор;<br>3.4.2.3. селектира потребни информации за профилот на кандидатот. |

| | | |
|---|---|---|
| | 3.4.3. **обезбедува** јасни и точни информации за целите, процедурите и исходите на процесот на ВНОИУ во контекст на вработување и кариерен развој; | 3.4.3.1. образложува цели и придобивки од ВНОИУ;<br>3.4.3.2. појаснува процедури и можни излезни резултати;<br>3.4.3.3. врши поврзување на резултатите од ВНОИУ со можностите на пазарот на трудот. |
| | 3.4.4. **врши** основно кариерно советување поврзано со можности за дополнителна обука, преквалификација или напредување. | 3.4.4.1. наведува можности за обука и кариерен развој;<br>3.4.4.2. обезбедува советување во согласност со потребите на возрасни лица;<br>3.4.4.3. почитува специфични барања на кандидатите при нивно советување. |
| 3.5. Евалуација на компетенциите на кандидатот | **Учесникот ќе биде способен да:**<br>3.5.1. **одржува** холистички, но реалистичен преглед на знаењата, вештините и компетенциите на кандидатот во контекст на процесот на валидација на неформално и искуствено учење; | **Учесникот може да:**<br>3.5.1.1. идентификува клучни знаења, вештини и компетенции на кандидатот;<br>3.5.1.2. разликува релевантно и нерелевантно искуство;<br>3.5.1.3. обезбедува објективен и балансиран преглед. |
| | 3.5.2 **структурира** процес на насочување со цел јасно идентификување на релевантното претходно учење и искуство на кандидатот; | 3.5.1.4. организира и изведува процес на насочување според јасни чекори;<br>3.5.1.5. користи соодветни прашања и алатки за структурирање;<br>3.5.1.6. одржува фокусираност на целите на валидацијата. |
| | 3.5.2. **поврзува** искуство на кандидатот од учењето и работењето, во однос на релевантни формални квалификации и/или професионални стандарди; | 3.5.2.1. утврдува искуство на кандидатот преку дијалог;<br>3.5.2.2. одредува соодветност на искуството согласно барањата на квалификациите или стандардите; |

| | | |
|---|---|---|
| | | 3.5.2.3. идентификува празнини и можности за понатамошен развој. |
| | 3.5.3. **поддржува** кандидати во изработка на План за личен развој врз основа на резултатите од советодавната дискусија. | 3.5.3.1. помага на кандидати да ги сумираат резултатите од дискусијата;<br>3.5.3.2. поддржува изработка на реалистичен План за личен развој;<br>3.5.3.3. поттикнува одговорност и активна улога на кандидатот. |
| 3.6. Кодекс на однесување | **Учесникот ќе биде способен да:**<br>3.6.1. **одржува и саморегулира** професионален став кон кандидатите и кон процесот на валидација на неформално и искуствено учење (ВНОИУ) во целина; | **Учесникот може да:**<br>3.6.1.1. одржува професионален и одговорен однос кон кандидатот;<br>3.6.1.2. саморегулира однесување во различни советодавни ситуации;<br>3.6.1.3. покажува доследност во постапувањето. |
| | 3.6.2. **применува** принципи на професионална етика, неутралност и почитување на различностите во советодавниот процес; | 3.6.2.1. покажува свест и почитување на различностите;<br>3.6.2.2. одржува неутрална и непристрасна позиција;<br>3.6.2.3. применува етички принципи во секоја фаза од процесот. |
| | 3.6.3. **поттикнува** мотивација, самодоверба и активно учество на кандидатите во процесот на валидација; | 3.6.3.1. стимулира мотивација на кандидатите;<br>3.6.3.2. зајакнува самодоверба преку поддржувачка комуникација;<br>3.6.3.3. создава позитивна и доверлива работна клима. |
| | 3.6.4. **овозможува** кандидатот да преземе одговорност за сопствениот процес на валидација во согласност со кодексот на однесување. | 3.6.4.1. стимулира активно учество на кандидатот;<br>3.6.4.2. поттикнува преземање одговорност;<br>3.6.4.3. постапува во согласност со професионалната етика и кодексот на однесување. |

| | | |
|---|---|---|
| 3.7. Развивање на портфолио | **Учесникот ќе биде способен да:**<br>3.7.1. **спроведува** процес на изработка на портфолио во рамки на валидацијата на неформално и искуствено учење (ВНОИУ), користејќи структурирана методологија за водење на портфолио; | **Учесникот може да:**<br>3.7.1.1. објаснува улога и цел на портфолиото во ВНОИУ;<br>3.7.1.2. применува структурирана методологија за водење на портфолио;<br>3.7.1.3. почитува договорени процедури и алатки. |
| | 3.7.2. **поддржува** кандидати во формулирање, документирање и презентирање на нивните искуства и резултати од учењето; | 3.7.2.1. спроведува индивидуални или групни активности за развој на портфолио;<br>3.7.2.2. помага на кандидати во јасно формулирање на искуствата;<br>3.7.2.3. поддржува логично и прегледно презентирање на резултатите од учењето. |
| | 3.7.3. **насочува** кандидати при избор и организирање на соодветни докази во согласност со професионални стандарди или квалификациски барања; | 3.7.3.1. помага при идентификување релевантни докази;<br>3.7.3.2. поврзува докази со професионални стандарди или квалификации;<br>3.7.3.3. дава совети и насоки за подобрување на структурата на портфолиото. |
| | 3.7.4. **проценува** соодветност на прикажаните докази за продолжување на процесот на ВНОИУ, врз основа на договорени критериуми. | 3.7.4.1. оценува соодветност на доказите според критериуми (актуелност, автентичност, релевантност, разновидност и квалитет);<br>3.7.4.2. утврдува доволност на доказите за продолжување на процесот;<br>3.7.4.3. дава аргументирани совети за дополнување или подобрување на портфолиото. |

| | | |
|---|---|---|
| 3.8. Следење кандидати во процес на ВНОИУ | **Учесникот ќе биде способен да:**<br>3.8.1. **спроведува** процедури за следење на кандидатот во однос на Планот за личен развој и кариерното насочување по завршување на процесот на валидација на неформално и искуствено учење (ВНОИУ); | **Учесникот може да:**<br>3.8.1.1. спроведува активности за следење по завршување на процесот;<br>3.8.1.2. насочува следење согласно Планот за личен развој;<br>3.8.1.3. почитува улогата на советникот во постпроцесната фаза. |
| | 3.8.2. **детерминира** можни понатамошни чекори согласно добиените резултати од проценката на кандидатот; | 3.8.2.1. опишува можни чекори по позитивни или негативни резултати од проценката на кандидатот;<br>3.8.2.2. комуницира јасно и реално за понатамошните опции;<br>3.8.2.3. поддржува кандидати при донесување одлуки засновани на релевантни информации. |
| | 3.8.3. **дава помош на** кандидати при изработка и ажурирање на План за личен развој; | 3.8.3.1. поддржува кандидати во изработка на реалистичен План за личен развој;<br>3.8.3.2. поврзува цели со можности за учење и развој;<br>3.8.3.3. поттикнува активна улога на кандидатот. |
| | 3.8.4 **иницира** соодветни услуги за кариерно водство и информирање за можности за обука и понатамошен развој. | 3.8.4.1. информира за достапни опции за обука и пристап до нив;<br>3.8.4.2. иницира или упатува кон услуги за кариерно водство;<br>3.8.4.3. применува основни теории за кариерен развој во советувањето. |

| **5.** | **Форми на спроведување на процесот на настава и учење** | | |
|---|---|---|---|
| **Форми на спроведување** | **Модул 1** | **Модул 2** | **Модул 3** |
| Настава во училница/кабинет | x | x | x |
| Практична настава | x | x | x |
| Комбинирано учење | | | |
| Е-учење | | | |
| Настава на далечина | x | x | x |

| 6. | Методи на настава и учење | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Метод** | | | | |
| Предавање | | **x** | **x** | **x** |
| Дискусии во група | | **x** | **x** | **x** |
| Набљудување | | | | **x** |
| Истражување/Откривање | | **x** | **x** | **x** |
| Учење преку симулации | | x | x | **x** |
| Учење насочено кон решавање на проблеми | | x | x | **x** |
| Практична настава во училница/кабинет | | x | x | **x** |
| Обука на работното место | | x | x | **x** |
| Индивидуална настава | | | | |
| Самонасочено учење | | **x** | **x** | **x** |
| Посети/Студиски патувања | | **x** | **x** | **x** |
| Друго (ве молиме наведете): | | прашања и одговори | работа со портфолио | развоен проект |
| 7. | **Ресурси / опрема за настава и учење** | Целосен пакет наставни материјали, вклучувајќи работилници и материјали за самостојно учење (дополнително читање), како и аудио-визуелни средства и ИТ опрема. | | |
| 8. | **Наставен кадар** | Наставници со поминат курс за обука за обучувачи за ВНОИУ<br>Обучувач со:<br>• Високо образование<br>• Искуство во образование на возрасни и валидација<br>• Педагошко-андрагошки компетенции | | |
| **9.** | **Место на спроведување** | Теоретска настава: училница, опремена просторија<br>Практична настава: училница, опремена просторија | | |
| **10.** | **Методи и инструменти за оценување** (есеи/писмени работи, проекти, практична работа, презентации, испитни прашања, изведби, портфолија на работа, учење преку работа, завршен испит и др.) | Групна работа, презентации, дискусии, интервјуа, развојни проекти, писмени задачи, набљудувања<br>Оценување на успешноста<br>• Теоретска проверка на знаења<br>• Практична задача (портфолио / студија на случај)<br>• Усно интервју или презентација | | |
| **11.** | **Клучни компетенции** | - **Комуникација на мајчин јазик**: компетенцијата се манифестира низ способност да се изразуваат и интерпретираат мисли, чувства, факти и | | |

| | | |
|---|---|---|
| | | ставови во орална и пишана форма и низ соодветна јазична интеракција со клиенти и соработници при валидација на неформално образование и искуствено (информално) учење (ВНОИУ), а во функција на квалитетни услуги.<br>- **Комуникација на странски јазици**: во ситуации кога е потребно да се користи странски јазик, поврзани со работата за валидација на неформално образование и искуствено (информално) учење (ВНОИУ), со клиенти, или за толкување на документи за работа, способен/на е да користи странски јазик на основно ниво.<br>- **Математичка компетенција како и основни компетенции во природните науки, технологиите и инженерството**: применува логичко/нумеричко мислење, практична применува знаења од науката поврзани со работата за валидација на неформално образование и искуствено (информално) учење (ВНОИУ).<br>- **Дигитална компетенција**: користи дигитална технологија, за електронска комуникација со соработниците и клиентите и за администрирање на работните активности во доменот на валидација на неформално образование и искуствено (информално) учење (ВНОИУ),.<br>- **Лична и општествена компетенција и компетенција учење да се учи**: покажува способност и подготвеност да стекнува и обработува ново знаење и вештини за личен професионален напредок и за унапредување на компетенциите за валидација на неформално образование и искуствено (информално) учење (ВНОИУ). Покажува истрајност кога учи самостојно, и во тим.<br>- **Граѓанска компетенција:** во секојдневната работа, при контактите со соработници и клиенти, способен/на е да покаже интерперсонална и интеркултурна компетенција да комуницира конструктивно со лица со различно потекло, да покаже толерантност и да развива доверба.<br>- **Претприемништво:** покажува иницијатива да реализира важни идеи со цел да се унапредат стандардите и постапките на услугите за за валидација на неформално образование и искуствено (информално) учење (ВНОИУ). Активно придонесува во креирањето на работна култура на поддршка, во која се вреднува иницијативноста и претприемништвото. |

| | | |
|---|---|---|
| | | - **Културна свест и изразување:** го препознава и го цени креативниот израз на идеи, искуства и емоции и соодветно ги поврзува. Ги приближува сопствените креативни и експресивни ставови со размислувањата на другите членови во тимот и ги изразува на соодветен начин, со што всушност се подобрува ефикасноста во нивното работење. |
| **12.** | **Само-евалуација / интерна евалуација** | Самоевалуацијата се спроведува за добивање информации за квалитетот на програмата и нејзините предности и недостатоци. Дали давателот понудил извештај што може да се смета за одраз на силните и слабите страни на програмата со препораки за подобрување на:<br>• Дизајнот и содржината на програмата.<br>• Реализацијата на програмата.<br>• Проценката на учењето.<br>• Поврзани услуги и ресурси.<br>• Остварување на целите и резултатите на програмата. |
| | **Алатки / Методи (прашалници, дискусии, извештаи за имплементираната евалуација)** | |
| | **Временска рамка на само-евалуацијата** | |
| | **Последователни мерки спроведени при последната само-евалуација / Направени измени по последната само-евалуација** | |

**Бр. 13-905/2** **Министер за образование и наука,**

**22.01.2026 година** **проф. д-р Весна Јаневска, с.р.**

**Скопје**